Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

ВОДИЧ

Иницијатива за вработување млади

Услуги за поддршка при вработување на млади обезбедени од младински обучувачи

Erasmus+

YOUTH EMPLOYMENT INITIATIVE

NATIONAL AGENCY
for European Educational
Programmes and Mobility

Овој проект е кофинансиран од Европската комисија преку програмата Еразмус+
(КА2: Стратешко партнерство / Млади лица)

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината која ги одразува само ставовите на авторите, и Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба на информациите содржани во неа.

ВОДИЧ

Иницијатива за вработување млади

Услуги за поддршка при вработување на млади обезбедени од младински обучувачи

Број на проект: 2020-2-МК01-КА205-077976
Еразмус+ КА2 – Размена на добри практики
Стратешко партнерство за млади

Автори:
Марина Тошеска
Ѕвонко Димоски
Кристина Хангеа
Луиџи Балако

Координатор на проектот:
Марина Тошеска

Графички дизајн:
Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР
Моника Велеска

Превод:
Маја Герасимова Порјазоска

Сите облици на репродукција или дистрибуција (вклучувајќи Интернет) се дозволени, освен во комерцијални цели, доколку се наведе изворот. При користење, треба да се наведат:

- Авторите
- Називот на проектот: Иницијатива за вработување млади кофинансирана од Европската комисија преку програмата Еразмус+ (КА2 Стратешки партнерства / Млади)

Јануари 2022

Кога младите луѓе имаат пристап до работа,
нашата иднина е просперитетна.

Иницијативата за вработување млади преку услуги за поддршка при вработување може да одигра
клучна улога во овозможувањето на младите да ги уживаат своите човекови права и да
постигнат целосна инклузија во пазарот на трудот.

Contents

ПРЕДГОВОР.....1
ПРОЕКТ „ИНИЦИЈАТИВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ МЛАДИ“ 2
ПАРТНЕРИ.....3
Здружение за рурален развој Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР(ЛАГ АГРО ЛИДЕР).....3
Здружение Млади за заедницата Бистрица.....3
ИнКо - Молфета (InCo - Molfetta).....4
ЗА УСЛУГИТЕ ЗА ПОДДРШКА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД МЛАДИНСКИ ОБОЧУВАЧИ..5
КЛУЧНИ ПРИНЦИПИ.....6
МЛАДИНСКИ ОБУЧУВАЧИ 7
ЧЕКОРИ ПРИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ.....9
СЛЕДЕЊЕ И МЕРЕЊЕ НА ИСХОД.....13
ПРЕПОРАКИ 14
ЗАКЛУЧОЦИ 15
БЛАГОДАРНОСТ 16

ПРЕДГОВОР

Идејата за проектот „Иницијатива за вработување млади" произлезе од желбата на три европски организации да го поддржат успешното вклучување на младите луѓе на пазарот на труд, со намалување на бројот на млади луѓе кои не се вклучени во образование, вработување или обука (NEET) преку воведување на услуги за поддршка при вработување за ранливите млади лица, обезбедени од младински обучувачи, и со поттикнување на развој на вештините на младите лица за да можат подобро самите да се интегрираат во општеството и на пазарот на труд.

Состојбата на пазарот на труд во земјите на партнерските организации – Италија, Северна Македонија и Романија се карактеризира со ниска економска активност и високи стапки на невработеност. Актуелната пандемија на КОВИД-19 има силно влијание на вработувањето на младите луѓе, особено на социјално загрозените млади лица, што води до повисока стапка на невработеност кај младите и нивна исклученост од пазарот на труд.

Можностите за младите луѓе да најдат работа се поврзани со општата состојба на економијата и севкупната ситуација со вработување во земјите на партнерите на проектот ИВМ (YEI). Земјите се обидуваат да ја намалат невработеноста кај младите, преку креирање на политики, соработка со приватниот сектор и граѓанските организации, како и со воведување и спроведување на програми и мерки за намалување на невработеноста кај младите.

Невладините организации можат да одиграат важна улога во обезбедувањето услуги за поддршка на младите луѓе кои се вклучуваат на пазарот на труд, особено оние кои не се вклучени во образование, вработување или обука (NEET), младите луѓе со попреченост и социјално загрозените млади луѓе.

Многу невладини организации низ Европа и широко работат на иницијативи за вработување млади, со фокус на унапредување на развојот на услуги за помош при вработување. Тие одиграа клучна улога во промовирањето и развојот на можностите за вработување на лицата со попреченост и лицата во социјален ризик за пристап до вработување, како и задржување на вработувањето. Трансферот на знаење и воведувањето на најдобрите практики на европските граѓански организации може да има позитивно влијание за постигнување на значајни резултати на полето на младинското вработување, интеграцијата на младите и социјалниот развој.

Услугите за поддршка при вработување им помагаат на потенцијалните млади баратели на работа да ги препознаат сопствените вештини и преференци за работа, како и индивидуално да ги поддржат за добивање и задржување на платени работни места на отворениот пазар на труд.

Услугите за поддршка при вработување не само што беа успешно спроведени со младите во рамките на проектот Иницијатива за вработување млади, туку станаа составен дел од методологиите што ги користат нашите професионалци во нивната работа со млади луѓе.

Со овој водич, партнерите сакаат да понудат еден сеопфатен преглед на Иницијативата за вработување млади – услуги за поддршка при вработување обезбедени од младински обучувачи за сите професионалци кои работат во областа на социјалната инклузија и вработливост на младите, а се заинтересирани за воведување и примена на ваков вид услуги за поддршка при вработување во нивната работа со младите луѓе.

ПРОЕКТ „ИНИЦИЈАТИВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ МЛАДИ“

Иницијативата за вработување млади е транснационален проект кој се спроведува во периодот помеѓу 2020 и 2022 година со партнерство формирано од организации од три европски земји: Италија, Северна Македонија и Романија. Соочувајќи се со слични предизвици во областа на младинската невработеност кои се продлабочени со пандемијата на КОВИД-19, европските партнери беа поттикнати да ги истражат придобивките од услугите за поддршка при вработување обезбедени од младински обучувачи за млади луѓе со попреченост и социјално загрозени млади лица со цел да се подобри нивната вработливост, интеграција и социјален развој.

Главната мотивација на партнерските организации да го имплементираат проектот Иницијатива за вработување млади - ИВМ (YEI) беше да им овозможат на младите луѓе да ги уживаат своите човекови права и да постигнат целосна вклученост на пазарот на трудот, пат што води кон побогати економии, поинклузивни и поправедни општества и посилни демократии.

Поврзувањето, соработката и споделувањето на добри практики меѓу партнерските организации во проектот ќе помогнат да се надминат бариерите со кои се соочуваат социјално загрозените млади лица како и за да се осмислат услуги за поддршка при вработување кои ќе ги обезбедуваат младински обучувачи. Тие ќе им понудат поддршка при барање работа на млади на возраст од 15 до 29 години кои се во неповолна социјална положба. Така, овие млади луѓе ќе можат да ги остварат своите аспирации, да си ги подобрат условите за живот и да ги исполнат своите обврски како продуктивни чинители и граѓани. Одлуката да се спроведе како транснационален проект е најдобриот начин да се разменат знаењата за дејствување меѓу културно - разноликите невладини организации бидејќи вклучувањето на практична работа дава многу подлабок и поодржлив ефект од теоријата и објаснувањето со зборови.

Идејата за проектот „Иницијатива за вработување млади“ се реализираше благодарение на финансирањето добиено во рамките на програмата Еразмус+ на Европската Унија и поддршката од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

Целта на проектот е да придонесе за поинклузивно и поодржливо општество преку создавање можности за вработување за младите од ранливите групи.

Проектот ИВМ (YEI) има за цел да придонесе за намалување на бројот на млади луѓе кои не се во образование, вработување или обука (NEET), преку воведување на услуги за вработување обезбедени од младински обучувачи. Методологијата предлага да се зајакнат вештините на ранливите млади лица, особено меките вештини и основните работни вештини. Ова ќе биде проследено со индивидуална поддршка на заложбите за вработување со цел адекватно да се подготват младите за работна средина и професионална кариера, а воедно да им се обезбеди тековна поддршка. Обучувачите за млади лица ги поврзуваат младите кои се во потрага по работа со потенцијални работодавци, така што тие имаат активна улога во помагањето на барателите на работа во исполнување на вештините што ги бараат работодавците.

Проектот „Иницијатива за вработување млади“ не е наменет само за младите луѓе, туку и за професионалците кои работат во областа(областите) на граѓанско образование, младинска работа и образование за лица со попреченост, а кои се ориентирани кон услуги за вработување. Последната група ќе има можност да ги подобри своите вештини и компетенции за работа со млади во социјално понеповолна положба.

Во исто време, проектот ќе ги поддржи вклучените организации во креирање на програми за поддршка при вработување, со комбинирање на образовниот контекст со методот на поддршка при вработување на единствен начин.

ПАРТНЕРИ

Проектот „Иницијатива за вработување млади“ е резултат на стратешко партнерство помеѓу три европски организации: Здружение за рурален развој Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР, Северна Македонија, Здружение Млади за заедницата Бистрица, Романија (Asociatia Tineri pentru Comunitate Bistrita) и Здружение ИнКо Молфета (InCo Molfetta) од Италија.

Здружението за рурален развој Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР (ЛАГ АГРО ЛИДЕР) е независна, невладина, неполитичка и непрофитна организација основана во 2014 година. Организацијата вложува напори да ги зголеми можностите на луѓето од руралните области за социо-економски развој, образование, култура и спорт. Локалната акциона група Агро Лидер работи како здружение на граѓански организации во партнерство со локалната самоуправа на општините Кривогаштани, Крушево, Долнени и Прилеп. Од своето основање во 2014 година, ЛАГ АГРО ЛИДЕР делува како мост помеѓу локалната власт, јавните институции, деловните субјекти и граѓанскиот сектор, активно обидувајќи се да ги охрабри сите релевантни актери да работат заедно во корист на целата заедница.

Основните вредности на организацијата се активно учество, демократија, еднакви можности, транспарентност, солидарност, толеранција, разбирање, меѓусебна поддршка и соработка.

Организацијата користи холистички пристап при преземање на развојни иницијативи за заштита на човековите права, постигнување на одржливи приходи за живот и јакнење на младите во руралните области.

Локалната акциона група АГРО ЛИДЕР има за цел да создаде еднакви можности и пристап во сите области кои се однесуваат на младите луѓе - образование, вработување, здравје, социјална сигурност, социјална вклученост, рекреација и лични односи. Се фокусира да ги мотивира, обединува и јакне младите луѓе со нивниот капацитет и енергија да го покажат своето знаење и креативност и да преземат активна улога во предводење на промени во заедницата. Обезбедува услуги за да им помогне на младите да развијат лични, меѓучовечки и работни вештини, да понуди можност за лидерство и да го зголеми придонесот на младите во економскиот развој на нивните локални заедници. ЛАГ АГРО ЛИДЕР постојано ги проширува своите услуги за да обезбеди образование и грижа за младите луѓе кои не добиваат друга помош. Услугите што ги нуди ЛАГ АГРО ЛИДЕР се прошируваат и опфаќаат широк опсег на области: економски развој, образование и обука, социјална и здравствена заштита, родова еднаквост, култура и спорт.

Asociatia Tineri pentru Comunitate Bistrita (Здружение Млади за заедницата - Бистрица) е основано во април 2013 година од група млади луѓе со желба да ги реализираат своите проекти кои имаат за цел да го промовираат активното граѓанство на младите преку личен развој, како и проекти и активности во заедницата. Нашите вообичаени активности вклучуваат: регрутирање и обука на млади луѓе на возраст меѓу 13 и 30 години кои се заинтересирани да станат волонтери,

организирање различни волонтерски активности во урбани и рурални училишта – како и училишта за ученици со ментална попреченост, градинки, специфични институции како што е Ноќниот центар – дел на Општинското одделение за социјални услуги, или во заедницата секогаш кога ќе утврдиме потреба.

Организираме и театарски работилници, работилници за креативно рециклирање, како и работилници за литература и поезија во училишта и градинки од урбани и рурални средини. Освен тоа, организираме работилници кои имаат за цел да ја развијат креативноста на нашите волонтери. Тие произведуваат уметнички рачни изработки, како што се чанти од рециклирана хартија, разгледници и различни украси со користење на техниките на квилинг и оригами. На крајот на работилниците и во конкретни прилики како 1. Март или Божиќ, организираме јавни изложби за продажба на нашите производи и насочување на средствата за активностите на здружението. Заинтересирани сме за благосостојбата на ранливите млади луѓе за кои еднаш годишно организираме хуманитарен настан. Од декември 2014 година, организиравме добротворни божиќни концерти со настап на нашите талентирани волонтери и познати локални уметници и Божиќни саеми со рачно изработени украси создадени од нашите волонтери. Како младинска невладина организација, нашиот фокус е да им помогнеме на младите да се развиваат лично и професионално преку олеснување на нивното учество на различни локални, национални и меѓународни курсеви за обука, семинари или младински размени. Така, развивме солидна соработка со локални, национални и европски институции и невладини организации. Последно по ред, но не и значење, овде мора да споменеме дека една од главните цели на нашата организација е да им "вдахне живот на руралните области" на нашиот регион, округот Бистрита-Насауд, преку активности наменети за младите луѓе од тие заедници, како на пр. : работилници за подигање на свеста, отворени можности за вработување на младите во руралните средини, еколошки акции, настани за собирање средства, работилници итн. Нашите активности имаат за цел да го подобрат квалитетот на животот на младите во руралните средини и да ја намалат миграцијата на младите од руралните средини.

ИнКо – Молфета (InCo – Molfetta) е непрофитна асоцијација, основана во 2016 година, благодарение на група членови кои се преселиле во регионот на Апулија по неколкугодишно искуство со мобилност во странство. Членовите решиле да основаат нова локална организација во Апулија за да им дадат на локалните млади исти можности како што имале и тие. Здружението има за цел да промовира и поддржува мобилност во странство, контакти, размени и состаноци на меѓународно ниво; да се промовира взаемна толеранција и интеркултурна комуникација меѓу младите и возрасните; да го поддржува неформалниот процес на европска интеграција во нашата заедница. Дополнително, активностите на InCo Molfetta поттикнуваат да се создадат можности за меѓукултурно разбирање и неформални компетенции за сите учесници.

Инко-Молфета (InCo-Molfetta) верува во свет без предрасуди, каде секоја култура се почитува без дискриминација, преку препознавање на силните и слабите страни. Здружението го поддржува неформалното образование општо, како што се мобилност во странство, курсеви за европски проекти, работилници за ИКТ и странски јазици, претприемништво, групна работа на одредени теми и семинари во јавните училишта во врска со европската мобилност, дуалниот систем на студирање/работа на училиште. итн...

За да ги постигне своите цели, Инко-Молфета (InCo-Molfetta) создава можности за волонтирање во странство, меѓународни размени, курсеви за обука во Италија и во странство, како и промоција и организација на проекти за мобилност. Организацијата функционира благодарение на неколку програми, како што се програмата ЕСК (ESC), Еразмус+, Програмата Европа за граѓаните и локални/национални грантови.

Луѓето кои се обраќаат кон организацијата се обично млади или возрасни лица во понеповолна социјална состојба, кои бараат нови предизвици во својот живот, како што се искуство во странство, нова работа, нови можности и нови вештини. Ние им обезбедуваме неформални курсеви и кариерно водство согласно нивниот став и мотивација. Здружението ИнКо-Молфета (Associazione InCo-Molfetta) е член на локалната мрежа на младински центри, форумот „Агенда XXI" („Agenda XXI") и комитетот Молфета Акољенте („Molfetta Accogliente"), кој се грижи за потребите на имигрантите. Важни национални партнерства се направени со: Здружението ИнКо од Тренто (Associazione InCo (Trento)), Здружението „Молфетези нел Мондо" („Associazione Molfettesi nel Mondo"), јавните младински центри координирани од ИНФОРМА („INFORMA"), најважните средни училишта од градот и општината Молфета.

ЗА УСЛУГИТЕ ЗА ПОДДРШКАТА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД МЛАДИНСКИ ОБУЧУВАЧИ

Услугите за поддршка при вработување, развиени од страна на ЛАГ АГРО ЛИДЕР, ИнКо Молфета (InCo Molfetta) и Здружение Млади за заедницата - Бистрица (Associazione Tineri pentru Communitate Bistrita), ја промовираат интегрираната работа во во ведувањето на услуги за поддршка при вработување, заснована на помош за млади кои се во понеповолна положба да се вработат. Овааа иницијатива произлезе од потребата да се ообезбедат еднакви можности и да се даде придонес во борбата против социјалната исклученост на:

-Млади со социјални дефицити или помалку можности;
-Млади со ограничување во образование/учење;
-Млади со психо-социјални/психолошки дефицити;
-Млади со повеќе видови на ограничување.

Услугите за поддршка при вработување од страна на младинските обучувачи се фокусираат на обезбедување на можности за вработување за социјално загрозените млади лица преку долгорочна поддршка за обука за работа во согласност со нивните интереси, јаки страни и потреби, а истовремено се решаваат прашања кои би можеле да влијаат на работата или личниот живот на младите луѓе.

Услугите за поддршка при вработување ги покриваат услугите за поддршка при вработување еден-на-еден кои вклучуваат:

Услуги за поддршка при вработување	Невладините организации ги воведуваат услугите за поддршка при вработување обезбедена од младинските обучувачи кои им помагаат на младите корисници да се вработат
Проценка и подготовка за работа	Младинскиот обучувач им помага на младите луѓе да развијат работни вештини, ставови, однесувања и функционални способности за успешно да ги постигнат целите за вработување.
Резиме, мотивационо писмо, интервју за работа	Младинскиот обучувач помага во пишување на професионално резиме и мотивационо писмо. Младинскиот обучувач користи образовни алатки за младите корисници да се стекнат со вештини кои ќе ги подготват за разговор за работа.
Меки вештини и основни работни вештини	Младинскиот обучувач користи неформални образовни алатки за да ги зајакне меките вештини и основните работни вештини на младите лица кои се корисници.
Пронаоѓање на соодветно работно место и вработување	Младинскиот обучувач прави анализа на работа, вклучен е во наоѓање работа и прави стратегија за ефективно вработување.
Обука за работа и услуги за поддршка	Младинскиот обучувач им помага на младите лица во понеповолна социјална положба да совладаат нови работни задачи и им помага да ја разберат културата за работа и постапките во областа за да осигура долгорочен успех на работното место.

КЛУЧНИ ПРИНЦИПИ

Клучните принципи на услугите за поддршка при вработување се:

- ✓ Сите млади луѓе имаат право на работа и еднаков пристап до вработување во однос на целокупната работната сила
- ✓ Нулта ексклузија
- ✓ Кодекс за попреченост
- ✓ Јаките страни, интересите и талентите на секој барател на работа
- ✓ Целосно вклучување на младите луѓе на пазарот на труд
- ✓ Професионално самоопределување и јакнење на младите луѓе

МЛАДИНСКИ ОБУЧУВАЧИ

Младинските обучувачи се централни фигури за услугите за поддршка при вработување. Нивното знаење и вештини се незаменливи за развојот на кариерите на младите луѓе во понеповолна социјална положба, а притоа нудат и поддршка и се на располагање да внесат надеж, како и да поттикнат вработување, интеграција и социјален развој. Младинските обучувачи го користат своето знаење и професионално искуство за да одговорат на корисниците и нивните очекувања за работното место, и да координираат различни мерки за поддршка кои се од помош и на работодавецот како и на работникот.

Младинскиот обучувач треба:

- Да поседува **меки вештини** како вештини за водство, тимска работа, носење на одлуки, преговарање, комуникациски вештини, вештини за презентирање, вмрежување, вештини за управување со времето и дигитални вештини.
- Да го имплементира совладаното знаење и **стручните вештини** за
    - Да ја разбере улогата на услугите за поддршка при вработување, да има емпатија, почит и доверба и да го разбере процесот за помош
    - Да користи основни техники за менторство/ обука на студентите и младите луѓе
    - Да покаже способност за да поставува прашања
- Да знае да го отвори/затвори интервјуто за работа, кога да биде директен/индиректен и да користи вештини за поддршка додека го води разговорот за прием на работа.
- Да препознае ново знаење и способност да **Определи, Разбере, Анализира и Опише Информација од Пазарот на Труд**.
- Да собере, организира, сподели и достави современа кариерна, образовна и информација за обука.

- Да ги зголеми **вештините за вработливост** на учесниците, вклучително нивните способности да
    - Ги определат јаките и слабите страни за одредено работно место/ позиција за стажирање
    - Да се води клиентот низ процесот за барање работа со користење на ресурси на и вон интернетот
    - Да покаже способност да се помогне на клиент во пополнување на пријавите за вработување и
    - Да се води низ процесот на подготовка на ефективно резиме и мотивационо писмо
- Да користи нови пристапи и алатки за да се **развијат и испорачаат услуги за обука за вработливост** кои ќе ги поддржат за кариерно насочување преку
    - осмислување,развој и испорака на кратки сесии на обука на групи клиенти за теми како кариерен водич и пристап до кариерни информации,
    - подготовка на формулари за пријава за стажирање/работа,
    - ефективен разговор за работа/стажирање
    - организација на кратки сесии за обука со гостински говорници од компании и јавни институции и
    - развој на материјали за обука

Младинските обучувачи треба да имаат знаење и вештини за проценка на компентенциите на барателот на работа како дел од нивните програми за обука. Овие проценки го проверуваат знаењето и им овозможуваат на младинските обучувачи да ги покажат своите вештини пред да започнат да работат директно со млади луѓе од ранливи категории.
Младинските обучувачи обезбедуваат професионално советување за барателите за работа односно работниците со попреченост или лицата од социјално неповолна средина и работодавецот. Оспособен младински обучувач е клучен во креирање на сет од соодветни мерки за мотивација и осигурување на непречена координација помеѓу различни вклучени услуги.
Младинските обучувачи нудат поддршка во процесот на вработување. Откако младите корисници ќе се вклучат во работната сила, младинските обучувачи ќе продолжат да ги поддржуваат за да се осигура успех на работното место.
Трите водечки групи кои го движат успехот на менторскиот процес за поддршка при вработување се:

- Врска (доверба, доверливост)
- Карактеристики на младинскиот обучувач (знаење и искуство, објективност, искрена повратна реакција, активно слушање, кредибилитет, емпатија, способност да се цели кон развојните подрачја, успех да се постигне ново однесување)
- Карактеристики на корисникот (заинтересиран корисник, со разбирање дека обуката за поддршка при вработување е тековен циклус на цели и посакувани исходи, планира акции, рефлексии и повторени обиди кои на крај доведуваат до зголемени компетенции)

Компоненти на услугите за поддршка при вработување

Следните компоненти се интегрален дел за обезбедување на поддршка при вработување со висок степен на веродостојност:
- Услугите се ориентирани околу личноста и се културно сензитивни.
- Иницијална проценка за да се определат јаките страни, способностите и интересите, која вклучува пронаоѓање и кариерно профилирање преку развој на индивидуален кариерен и перспективен план
- План за вработување којшто е осмислен заедно со корисникот. Дополнително, се става на располагање поддршка за градење на резиме, вештини за разговор за работа и зајакнување на меките вештини и основните работни вештини.
- Индивидуализирана потрага по работа со корисникот, која се заснова на проценка на индивидуата, преференци и информиран избор
- Обука и поддршка на лице место се дел од стратегијата.
- Тековна поддршка им е обезбедена и на работодавецот и на работникот

ЧЕКОРИ ПРИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ

Обезбедувањето на услуги за поддршка при вработување може да претставува предизвик, но е инвестиција која вреди за секоја граѓанска организација да ги прошири своите програми за поддршка и услуги и да создаде можности за луѓето кои се во понеповолна состојба во заедницата. Се охрабруваат невладините организации и младите лица да осмислат услуги кои конкретно ќе покриваат како тие ќе им помагаат на нивните корисници со цела палета на услуги за поддршка при вработување кои им се потребни за да успеат.

ЧЕКОР 1: Невладините организации ја осмислуваат програмата за поддршка при вработување, која може да има различни облици во зависност од потребите на запишаните корисници. При обезбедување на услуги за поддршка при вработување, младинските обучувачи работат директно со корисниците помагајќи им во наоѓање на достапни работни позиции, аплицирање за вработување, интервјуа за работа, и откако ќе бидат вработени им обезбедуваат поддршка за ефикасно да ги извршуваат работните задачи.

ЧЕКОР 2: Развој на програма за обука

Услугите за поддршка при вработување се креирани да преземат обврска да ги зајакнат основните вештини на младите кои им се потребни да најдат и задржат вработување. Преку обуки и лични менторски сесии, младинските обучувачи ги јакнат младите лица кои се во потрага по работа со вештини кои им се потребни да бидат поконкурентни на пазарот на труд.

Програмата за обука е створена за да им помогне на младите луѓе – баратели на работа во нивната потрага да ги зајакнат своите меки вештини, самодоверба, самопочит, и вредноста на вложениот напор. Понатаму, да совладаат како да остварат комуникација, да покажат подготвеност да учат и да се прилагодуваат, да слушаат и да комуницираат ефективно, да размислуваат креативно, независно да решаваат проблеми, да покажат вештини на самоуправување и желба и подготвеност за работа во тим. Овие основни вештини се клучни за вработување, како и за кадровскиот раководител така и за потенцијалниот вработен како нов член во тимот. Лицето ќе знае како да обезбеди работа, да го задржи вработувањето и да се движи флексибилно на пазарот на труд. Истовремено ќе има моќност да се вклучи во доживотно учење.

ЧЕКОР 3: Персонализирана проценка и кариерно планирање

Младинските обучувачи користат алатки за проценка за да кај младите лица кои добиваат услуги за вработување ги идентификуваат: основните вештини, стручните или техничките вештини, работните вештини и професионалните вештини.

Младинските обучувачи користат индивидуализирани процеси на планирање, кои вклучуват кругови на поддршка и нивно поврзување со кариерно планирање.

Развојот на личен кариерен профил и индивидуалната проценка вклучува:

- Активно учество и носење одлуки на личноста за која е наменет процесот на кариерно планирање

◦ Да се препознае влијанието на културното и социјалното потекло на лицето, вклучително и класа, раса, род, култура и народност, како и улогата во семејството и заедницата, мајчин и говорен јазик и семеен приход

◦ Да се прегледаат поединечните документи и да се соберат информации кои би биле од важност за вработување

◦ Да се набљудува лицето во неговата или нејзината секојдневна рутина и средина

◦ Да се истражат потребите кои не се директно поврзани со вработување а кои можат да влијаат на можат да влијаат на постигнување и одржување на исходот во вработување

◦ Да се направи проценка на стилот на учење кој го претпочита личноста, работните вештини и толерантност, како и начините на комуникација кои ги преферира лицето

◦ Да се помогне на лицата да развијат лични кариерни цели и кариерни планови, да се дадат препораки на соодветните агенции, организации и мрежи на основа на индивидуалните кариерни планови.

Процесот на оценување на потенцијалот на корисникот за успешно компетитивно вработување се основа на следните информации:

- Интервјуа
- Неформални набљудувања
- Собирање информации
- Интерпретација на формалните стандардизирани евалуации
- Проценка на однесување, вештини и способности

Во текот на оваа фаза, младинскиот обучувач ги идентификува вештините на барателот на работа, претпочитаниот избор на работа, неговите/нејзините интереси, јаки страни и способности и го вклучува во активности за подготовка за вработување. Овие активности може да вклучуваат продолжување на развојот или корекција, поставување цели и вежби на вештини за интервјуирање за работа.

ЧЕКОР 4: Развој на работа

Младинскиот обучувач собира и анализира информации за трендовите кои влијаат на пазарот на труд, ги идентификува закономерностите и постојано ги ажурира информациите за достапни работни места. Тој/таа работи на планови за вработување насочени кон работодавците, со кои меѓу другото:

- ✓ *Собира тековни информации за локалните можности за работа, вклучително трендови за работна сила, потреби на работодавачот и критериуми за добивање на работното место.*
- ✓ *Користи локални студии за вработување, спроведува истражувања на пазарот, истражува бизнис групи и користи други методи за да ги ажурира информациите за можностите за вработување на локалниот пазар на труд.*

- ✓ *Воспоставува комуникација и соработка со државната агенција за вработување како служба за вработување*
- ✓ *Цели и препознава типови на бизниси кои треба да се контактираат врз основа на потребите и интересите на барателите на работа.*
- ✓ *Одржува ажурирани информации за нови бизниси во областа, видот на достапни работни места и локации за вработување во заедницата.*

Младинскиот обучувач разгледува различни пристапи за развој на вработувањето, меѓу кои и контакти со работодавците за градење на мрежи за развој и/или идентификување на можности за вработување, обезбедувајќи пристап до информации, подготвува анализа на работна средина, писма за интерес итн.

На организациите кои обезбедуваат услуги за поддршка при вработување им се препорачува учество во деловните организации во заедницата, со цел да се воспостави комуникација и да добијат помош во развојот на деловни односи со работодавачите.

Во оваа фаза, младинскиот обучувач обезбедува услуги кои:

- Максимално ги вклучуваат барателите на работа во процесот на барање работа,
- Ги вклучуваат на барателите на работа во комплетирање на пријавите за работа,
- Воспоставуваат контакти со локалните работодавци,
- Обезбедуваат интервјуа за работа.

Младински обучувач работи со корисникот за да го подучи на вештините за барање работа за да се оспособи да земе АКТИВНО учество во барањето работа со цел да се зголеми можноста за успешно вработување. Ова е тековен процес во кој младинскиот обучувач и корисникот на услугите за поддршка при вработување имаат редовни термини за состанок, со цел да се задржи мотивацијата на корисникот да биде вклучен во процес на вработување, и да се следи насоката во која се движат услугите за поддршка при вработување

ЧЕКОР 5: Пронаоѓање на соодветна работа и вработување

Во оваа фаза, младинскиот обучувач го премостува јазот помеѓу можностите за вработување и потребата на работодавачот, со вештините, способностите, искуството и интересот на барателот на работа. Младинскиот обучувач користи персонализиран пристап во кој централно место зазема личноста, за да му помогне на корисникот да препознае, да добие и/или да напредува во вработувањето.

Младинскиот обучувач:

- ✓ *го проценува потенцијалот за интеграција што го нуди позицијата, вклучително и присутните физички, социјални и културни фактори.*
- ✓ *утврдува ефективни методи за воспоставување на природна поддршка во склоп на работната средина.*
- ✓ *Ги наведува работните должности и барањата на работното место по редослед и приближното време потребно за извршување на секоја задача.*
- ✓ *Ја препознава и опишува секоја работна вештина што ќе се бара да ја изведе вработениот*
- ✓ *Комуницира со корисникот и го подготвува за првиот ден на работа*

Младинскиот обучувач во комуникација со корисникот на услуги за поддршка при вработување, помага дококу е потребно процесот на прилагодување на работните задачи или преговора со работодавачот за да се осигура дека работната позиција е соодветна за вештините и потенцијалот на корисникот.

ЧЕКОР 6. Тековна поддршка

Младинскиот обучувач (доколку е потребно) нуди тековна поддршка и откако корисникот ќе биде вработен. Обучувачот за поддршка при вработување соработува со вработените и работодавците за да обезбеди успешно вработување, и да го поддржи вработениот во работата и кариерното напредување. Младинскиот обучувач (доколку е потребно), делува како тренер за иницијална поддршка за да му помогне на корисникот да ја научи работата, работните должности, работната култура, а при тоа максимално да се зголеми продуктивноста на работникот и социјалната интеграција и да се постигне успех. На тој начин, ќе се постават мерливи цели, фокусот ќе биде на одредени активности врзани со работното место и ќе се осигури дека сите вклучени страни се позитивно ангажирани во процесот. Младинскиот обучувач исто така дава менторска поддршка, во случај на промена на работните задачи и вработениот да треба да се прилагоди на новите задачи.

ЧЕКОР 7: Затворање на случајот

Откако работникот се смета дека достигнал успешно ниво на вработување, се планира состанок за успешно завршување на услугите за поддржано вработување. Се подготвува извештај за евалуација и мониторинг, како и излезно резиме кое ги опишува дадените услуги за вработување, резултатот од нив и дава препораки за понатамошно постигнување на целите на кориникот

СЛЕДЕЊЕ И МЕРЕЊЕ НА ИСХОД

Алатката за следење и мерење на исходот е развиена да ги следи специфичните информации со цел да им помогне на организациите кои ги обезбедуваат услугите за поддршка при вработување да ја утврдат ефективноста, ефикасноста и напредокот постигнат за индивидуалните корисници на услугите.

Видовите на информации што се следат вклучуваат:

- Типични демографски информации - возраст на учесниците, етничко потекло, попреченост и населени места
- Број на вклучени млади лица и видови на добиени услуги
- Број на затворени случаи на поддршка при вработување и причини за затворање
- Број на нови работни места
- Број на учесници кои добиваат бенефициии на работа
- Видови работни места
- Времетраење на услугите за поддршка при вработување, должина на периодот помеѓу датумите на упатување и прием, прием и наоѓање работа, и наоѓање на работа и затворање на случајот
- Број на лица кои го задржале работното место
- Број на млади лица кои користејќи услуги за поддршка или вработување ги зголемиле своите обврски, се опремиле со нови професионални вештини и/или ги зголемиле приходите и/или бројот на работните часови во работната недела

ПРЕПОРАКИ

Во продолжение проследете ги општите препораки за младински работници и професионалци кои сакаат да бидат даватели на услугите за поддршка при вработување на нивната целна група:

- Процесот на обезбедување услуги за поддршка при вработување е насочен кон корисникот а истовремено и воден од корисникот треба да има отворена и искрена повратна врска меѓу младинскиот обучувач и учесниците.

- Користете јазик кој на прво место ги става луѓето и нивниот идентитет (PFL)
  Тоа овозможува попочитуван и точен начин на комуникација што опишува што личноста има или поседува (знаење, вештини), а не која е личноста.

- Користете индивидуализиран пристап во процесот на преговарање со бизнисите. Важно е да се пресретнат уникатните/специфичните потреби на работодавачот и вештините на барателот на работа, за секој клиент поединечно. Една работна позиција за еден клиент.

- Постојано одржувајте ажурирани информации за достапните работни места во компаниите и локациите на работните места во заедницата

- Развој и комуникација на ефективни алатки за маркетинг и размена на пораки за вработување

- Да се приоретизира градење на капацитетот за вработување, наместо фокусот да биде само на пронаоѓање на работни места за млади.

- Градете партнерство меѓу младите баратели на работа, невладините организации и работодавачите за да креирате персонализирани стратегии за давање на поддршка кои ќе помогнат во напредок на кариерата и ќе придонесат за долгорочно задоволство и на барателот на работа, и на работодавачот.

- Тековен преглед и ревизија на работата на лицето вработено со поддршка е од клучно значење за да се обезбеди благосостојба и успех на работното место за младите луѓе.

ЗАКЛУЧОЦИ

Идејата на проектот Иницијатива за вработување млади произлезе од желбата на три европски организации да го поддржат успехот на младите луѓе на пазарот на трудот, преку намалување на бројот на млади луѓе кои не се вклучени во образование, вработување или обука (NEET) со услуги за поддршка при вработување за ранливите млади лица, обезбедени од младински обучувачи и негување на вештините на младите за да можат подобро да се интегрираат во општеството и пазарот на труд.

Проектот Иницијатива за вработување млади и воведените услуги за поддршка при вработување имаат многу придобивки, како за поединците кои учествуваат во нив, така и за невладините организации што ги нудат. Услугите за поддршка при вработување им овозможуваат на младинските организации да ги прошират своите услуги, помагајќи им на младите социјално загрозени луѓе да постигнат позадоволително вработување, да стекнат економска независност и, во многу случаи, да избегаат од сиромаштијата. Младите ги подобрија своите меки вештини и работни вештини, учествуваа во конкурентни вработувања и се здобија со достоинство што произлегува од профитабилното вработување.

Услугите за поддршка при вработување од младински обучувачи се фокусираат на обезбедување можности за вработување за социјално обесправените млади преку долгорочна менторска поддршка за вработување согласно со нивните интереси, јаки страни и потреби додека истовремено се решаваат прашања кои можат да влијаат на работата или личниот живот на младите луѓе.

Во текот на овие 20 месеци научивме многу за тоа што функционира во поддржаното вработување. Исто така, научивме дека има многу предизвици во неговото спроведување. Може да ја имате подготвено најдобрата изјава за мисија, процедури и другите организациски структури, но организацијата ќе биде неефикасна без информирани и посветени младински обучувачи кои работат добро со поединци со попреченост и/или кои се во социјално понеповолна положба, како и со компании и заедницата во целина.

Младинските обучувачи се клучни фигури во услугите за поддршка при вработување. Нивните знаења и вештини се неопходни во развојот на кариерите на социјално загрозените млади луѓе, додека даваат поддршка, влеваат надеж и промовираат вработување, интеграција и социјален развој. Од витално значење за услугите за поддршка при вработување е и критичната потреба за обука на младинските обучувачи кои им помагаат на корисниците на поддржано вработување.

Тренингот на тренети им овозможи на учесниците односно младинските обучувачи да ги зајакнат своите вештини во користење на пристап насочен кон потенцијалните вработени, притоа земајќи ги во предвид желбите, потребите и интересите на клиентите; тие се стекнаа со знаења да координират силна персонализирана поддршка од страна на заедницата, фокусирана на холистички развој на индивидуата.Млдинските обучувачи ги промовираат услугите за поддшка при вработување како движечка сила која ќе помогне во кариерниот напредок и ќе придонесе за долгорочна работна сатисфакција. Обуката овозможи на младинските обучувачи да ги поседуваат компетенциите кои се неопходни за да понудат квалитетни услуги за поддршка при вработување,бидејќи квалификуваните, добро обучени младински обучувачи се од витално значење за успехот на програмата за поддршка до вработување.

Иако услугите за поддршка при вработување можат да заземат различни облици во зависност од потребите на вклучените индивидуи, сепак сите тие се фокусираат на зајакнување на поединците со основните вештини што им се потребни за да најдат и да задржат вработување. Разгледувајќи го и оценувајќи го напредокот

што услугите за поддршка при вработување го остварија во рамките на проектот Иницијатива за вработување млади (YEI) до денес, гледаме дека има причина да се чувствуваме охрабрени.
Младинските обучувачи обезбедија услуги насочени на личноста, кои се и културно сензитивни , преку развој на индивидуален план за кариера и перспективи, проследен со план за вработување изготвен заедно со корисникот, персонализирано барање на работа со корисникот врз основа на индивидуалната проценка, преференции и информиран избор и обука за работа на лице место, како и дополнителна поддршка доколку е потребно.

Младинските обучувачи вклучуваа млади луѓе кои се соочуваат со различни проблеми и ги охрабруваа да се вклучат во програмата за поддршка при вработување. Тие обезбедија поддршка на флексибилен начин кој што беше соодветен на потребите на корисниците, помагајќи им на младите луѓе да си постават цели и плански да работат на нив, а притоа и да ги уриваат бариерите кон вработување. Младите луѓе од ранливите групи кои добија услуги за поддршка при вработување обезбедени од младински обучувачи почнуваат да се зајакнуваат, активно учествуваат на пазарот на трудот и да постигнуваат профитабилно вработување и интеграција во заедницата.

Проектот Иницијатива за вработување млади беше одлична можност и за младинските обучувачи, како и за младите лица да ги зголемат своите вештини за поврзување и да доживеат личен и професионален раст. Проектот се фокусираше на независноста и интеграцијата на младите преку услуги за поддршка при вработување кои вклучуваат пристап насочен кон и предводен од учесниците со искрен и доверлив однос помеѓу младинските обучувачи и младите луѓе. Промовира инклузија, еднаков пристап до вработување, избор и вклученост на младите, зајакнување на младите луѓе, кариерни патеки и можност за младите луѓе во неповолна положба да се вработат на најефикасен можен начин. Сите вклучени страни, како младинските обучувачи, младите корисници, компаниите и заедницата имаат корист од услугите за поддршка при вработување воведени во рамките на проектот Иницијатива за вработување млади.

БЛАГОДАРНОСТ

Би сакале да изразиме посебна благодарност до г-дин Кристоф Шрајнер и г-ѓа Валтрауд Шубер (Виен Ворк, Австрија) за нивното успешно водство и значајни сознанија при воведувањето на услугите за поддршка при вработување за млади луѓе.

Би сакале да се заблагодариме на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност што ни ја даде можноста да го спроведеме овој проект.

LAG AGRO LIDER

TINERI pentru COMUNITATE